РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Универзитет "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" во Скопје
ФАКУЛТЕТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА
Бр. 09-576
30.09 2021 год.
СКОПЈЕ

REPUBLIKA SEVERNA MAKEDONIJA - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
Бр.-Nr. 09-265/6
28.09 2021 год.-viti
Скопје - Shkup

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË

Врз основа на член 48 став (2) точка 6, член 165 став (2) и член 227 од Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18), Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија, на својата 18 седница одржана на 19.05.2021година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за акредитација на студиската програма „Растителна биотехнологија", трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) на Факултет за земјоделски науки и храна при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје**

1. Се акредитира студиската програма „Растителна биотехнологија", трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) на Факултет за земјоделски науки и храна при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје, согласно Законот за високо образование* („Службен весник на Република Македонија" бр.82/18), Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација (дадена како Прилог 1 на наведената Уредба).

2. Акредитација за студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од пет студиски години, почнувајќи од студиската 2021/2022 година.

3. По завршување на студиите на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 180 ЕКТС кредити и се стекнува со академски назив: Доктор на земјоделски науки - Растителна биотехнологија /во меѓународен промет академски назив: PhD in agriculture science - Plant biotechnology.

4. Научно подрачје: 4. Земјоделски науки и ветерина (Биотехнички науки)
Научно поле: Растително производство (403), Овоштарство (405), Лозарство (406), Биотехнологија (413), Прехранбена технологија (414)
Научна област: Житни култури (40300), Индустриски растенија (40302), Крмни растенија (40303), Зеленчук (40304), Цвеќе и декоративни растенија (40305), Физиологија на растенијата (40307), Генетика и селекција на растителното производство (40308), Друго (40309), Овоштарство (40500), Друго (40501), Органографија (40600), Ампелографија (40601), Друго (40602), Растителна биотехнологија (41301), Друго (41305), Прехранбено инженерство (41400), Нутриционизам (41401), Друго (41403)

5. Акредитирани ментори за докторски студии на студиската програма се:, проф. д-р Зоран Димов, проф. д-р Златко Арсов, проф. д-р Татјана Прентовиќ, проф. д-р Дане Бошев, проф. д-р Соња Ивановска, проф. д-р Марјан Кипријановски, проф. д-р Петар Христов, проф. д-р Тошо Арсов, проф. д-р Гордана Попсимонова, проф. д-р Рукие Агич, проф. д-р Мирјана Јанкуловска, вон. проф. д-р Ромина Кабранова.

6. Менторот на докторски студии од точка 1 на ова решение може истовремено да биде ментор на најмногу три докторанти кои кај него ќе се обучуваат за научна работа и за изработка на докторски труд.

7. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

По предходно донесената одлука бр. 02 - 433/9 од 25.03.2021 година од страна Сенатот на универзитетот, за усвојување на студиската програма „Растителна биотехнологија", трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) на Факултет за земјоделски науки и храна при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје, до Одборот за акредитација на високото образование, достави барање бр.08 - 265/1 од 29.03.2021 година за прифаќање на елаборат, односно за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација на високото образование, на 15-та седницата одржана на 07.04.2020 година, формира стручна комисија за разгледување на барањето за акредитација со придружната документација и подготвување на извештај по однос на барањето и документацијата.

Врз основа на позитивната оценка содржана во извештајот на стручната комисија, бр.08 - 265/3 од 31.05.2021 година, согласно Законот за високо образование* („Службен весник на Република Македонија" бр.82/18), Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација и Правилникот за организацијата, работата, начинот на одлучување, методологијата за акредитација и евалуација, стандардите за акредитација и евалуација, како и други прашања во врска со работата на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр.151/12), Одборот за акредитација на високото образование, на својата 18-та седница одржана на 19.05.2021година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Решението за акредитација на студиска програма е конечно и против него може да се поднесе тужба до Управниот суд.

Претседател
на Одборот за акредитација на високото образование

Академик Владо Камбовски